Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје

50 години

# Покана за промоција

## ПРОГРАМА

- Обраќање на Деканот на Машинскиот факултет - Скопје, Проф. д-р Атанас Кочов.
- Обраќање на гостите.
- Промовирање на магистри кои ги завршиле студиите во 2009 година.
- Промовирање и наградување на најдобрите студенти кои дипломирале во 2009 година.
- Промовирање на дипломирани инженери кои ги завршиле студиите во 2009 година.

Почитувани,

Со особена чест и задоволство Ве поканувам на Свечената промоција на магистри по машинство и дипломирани инженери.

Промоцијата ќе се одржи на ден
29 јануари 2010 година (Петок)
во 19.00 часот во
Драмски театар Скопје.

Декан,
Проф. д-р Атанас Кочов

Почитувани колеги,

Дозволете да Ве информираме за поединости околу чинот на промоција.

Најавено е присуството на Претседателот на Република Македонија, г-дин д-р Ѓорге Иванов, како и негово обраќање до Вас магистрираните и дипломирани студенти на Машински факултет, како и ИСПТО, ИСЗПР, ИСЖС.

Присутни ќе бидат и Министерот за образование и наука г-дин Никола Тодоров, Ректорот на Универзитетот Св Кирил и Методиј во Скопје, проф д-р Велимир Стојковски, како и други гости соработници од стопанството.

Секој од кандидатите кои ќе биде промовиран, ќе биде **облечен во свечена одора**, и истата може да се подигне во холот на театарот од **17.00 – 18.30** на посебно означени места.

Кандидатите **кои ќе доцнат и нема да имаат свечена одора**, **нема да бидат промовирани.**

При подигањето на одората секој од кандидатите ќе се потпише во книгата за дипломирани за прием на дипломата и при тоа ќе остави документ за идентификација (лична карта, пасош, возачка дозвола), и истиот ќе му биде вратен при враќањето на одората по завршувањето на промоцијата.

**Поради ограничениот простор за паркирање пред театарот Ве молиме да ги користите паркинзите на Факултетот, кој е во непосредна близина**.

Целата свеченост ќе се снима со камери и секој од кандидатите дополнително ќе добие бесплатно ДВД.

По завршување на промоцијата, во холот на театарот ќе има мал коктел во чест на **Вас промовираните и Вашите роднини присутни на промоцијата**.

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ